*Приказ* УДК: 37(062)(049.3)

# ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО МЕЃУ ТРАДИЦОНАЛНОТО И СОВРЕМЕНОТО

Во овој Зборник под наслов **„Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото“** се сублимирани мноштво различни аспекти поврзани со новиот концепт на воспитанието, епохален предизвик на педагозите, аналитички и критички да се соочат со достигнувањето на воспитанието во 20 век и надежта и очекувањата за 21 век.

Зборникот под наслов **„Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото“** содржи **108 рецензирани труда** од **македонски и од странски автори** кои беа презентирани на меѓународниот научен симпозиум што се одржа во Охрид 2011 година. Поводот за одржување на овој меѓународен научен симпозиум беше одбележувањето на 65-годишнината од постоењето на Институтот за педагогија.

Во периодот на средба меѓу вековите се прават синтези, се вреднуваат остварувањата на стручњаците, научните работници и уметници во сите области од општествениот живот. Тоа го направивме и ние, педагозите. Темата **„Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото“** оценивме дека е значајна и актуелна во време на забрзани научно-технолошки промени кои имаат силни импликации врз педагогијата како наука, на системот на воспитание и образование, а посебно на внатрешната педагошка, дидактичко-методичка организација на наставата и на другите видови педагошка работа на училиштето. Со ова покажавме дека научните работници, воспитувачите, наставниците и професорите се отворени за нови научни резултати и промени во воспитанието и образованието.

Зборникот тематски е поделен на **11 глави,** кои, всушност, претставуваат поттеми, распоредени во **два тома** на кои авторите во трудовите ги презентираат своите нови сознанија, искуства и инспирации. Се бараат одговори на мноштво прашања од типот - дали стануваме свет што се плаши од училиштето, свет чија моќ над природата станува сè повидлива, но моќта над човекот, над самиот себе, над свеста и совеста, како да ги збунува педагозите во давањето одговори какво треба да биде воспитанието во третиот милениум.

***Воспитно-образовниот систем во современите општествени услови** е наслов на **првата глава од Зборникот**, во која авторите ја фокусираат научно-педагошката расправа за воспитно-образовниот систем на сите степени, почнувајќи од основното до високото образование. Анализирајќи повеќе аспекти, авторите детектираат низа проблеми со кои се среќава воспитно-образовниот систем кај нас и во регионот. Проблемите, главно, се препознаваат во вреднувањето на спроведените реформи, односно колку тие се во функција на општествениот развој и поврзувањето со современите образовни системи во Европа и во светот. Општа констатација во овие текстови е дека воспитно-образовниот систем кај нас и во регионот сè уште се наоѓа во состојба на недовршена модернизација, која се согледува во хроничната

повеќедецениска општествена криза и стагнација. Меѓутоа, покрај ваквите констатации, препознатливи се резултатите во образовните системи од аспект на: интеркултурното образование, европската димензија на образованието, Болоњскиот процес во високото образование, општествената и граѓанската компетенција, културната свест и изразување и образованието на националните малцинства.

Решавањето на многубројните противречности и градење нов систем на воспитание и образование претставува еминентна стручно-научна задача. Според тоа, денес не станува збор за еднострана реформа на традиционалниот систем, туку за темелна трансформација на системот на воспитанието и образованието во целина, односно од општествено-економски, научно-технолошки и педагошки карактер. Системот на воспитание и образование треба да стане интегрален дел од единствениот систем на општествената работа за „општество кое учи", каде што од темел се менува неговото традиционално суштествување, создавајќи можности за реализација на задачите на воспитанието и образованието и развојот на личноста. Клучните предлози на авторите се насочени кон: формирање национално тело за промени на сите степени на системот на воспитание во Република Македонија и при спроведувањето реформи да се води сметка за реалните можности, остварливоста на целите и постоењето промислен стратегиски план за нивна реализација.

***Втората глава од овој Зборник се однесува на воспитната работа меѓу традиционалното и современото** каде што авторите во своите трудови се фокусираат на филозофските, педагошките и на психолошките аспекти на воспитната работа.

Се истакнува дека состојбите кај нас во областа на воспитната работа се добар повод за да се побараат решенија и начини кои ќе бидат поразлични од хоризонтот на досегашната теорија и практика. Принципите на 21 век даваат можност да ги надминеме бариерите, шаблоните и клишеата во областа на воспитанието, воедно да се обидеме да ги надминеме нашите лични академски сумирани сознанија и да предложиме нови можни истражувања и искуства на социјален и на индивидуален план.

Во тоа барање решенија, од фундаментално значење е новата позиција на воспитанието и образованието кое треба да биде во функција на формирање граѓани и самостојни личности кои умеат да го разликуваат доброто од злото, граѓани кои критички од сегашноста ќе се враќаат на традицијата во целина за да можат да ги согледаат вистинските, автентични вредности што се во функција на развој на човечноста и хуманоста.

Во научните трудови на авторите во оваа глава се забележува истакнувањето на индивидуалната компонента во воспитанието. Тоа е едно од основните барања за наставникот и за ученикот во воспитно-образовниот процес. Современото воспитание не си поставило цел да развива униформност, туку разновидност, да не ограничува и смирува, туку да ослободува и поттикнува, да не механизира и роботизира, туку да развива автентичност, да овозможува слобода на изразување и да го поттикнува творештвото.

***Третата глава е посветена на расправата за предизвиците на предучилишното воспитание.** Воведниот текст е фокусиран на анализа на

студискиот предмет предучилишна педагогија во студиската програма на Институтот за педагогија од крајот на 1980-тите до денес. Несомнено, актуелните педагошки текови, како и континуираната промена на перцепцијата за значењето на предучилишниот период во развојот на децата имплицира поинаков третман на оваа дејност, воопшто, но и на статусот на ова научно подрачје во студиските програми на Институтот за педагогија.

Анализата на приложените трудови посветени на предучилишното воспитание упатува на следниве препораки: унифицирање на профилот предучилиштен воспитувач, промени и следење на современите пристапи во иницијалното образование на воспитувачи, воведување етичко воспитание од предучилишна возраст и негово интегрирање во програмите, актуализирање на транзицијата меѓу предучилишното и основното образование и компатибилноста на потсистемите. Во повеќе текстови се укажува на фактот дека раниот детски развој е мултидисциплинарен и така треба да му се пристапи, да се работи на подигање на јавната свест за значењето на раниот детски развој во првите години од животот на секој човек, да се зголеми опфатот на деца од предучилишната возраст во градинките со ставање акцент на периодот од тригодишна до петгодишна возраст, трансфер на предучилишното воспитание и образование од секторот за труд и социјала во секторот за образование и креирање нов закон што ќе ја третира областа на предучилишно воспитание.

***Четвртата глава има наслов ИКТ во образованисто, наставниците и педагозите.** Овде се отвора прашањето за имплементација на новите технологии и ИКТ во образованието. Несомнено, едукативната примена на новите технологии и богатството на медиуми во семејството, училиштето и во пошироката општествена средина го поставува целосно значењето на проблемот на новата писменост, и тоа компјутерска, информатичка и медиумска. Новите форми на писменост не се сведуваат на способност за техничко ракување со новите технологии, туку, пред сѐ, на манипулација со информации, на обликување и разбирање пораки и на нивно критичко вреднување. Денес веќе поголема вредност има развојот и стекнувањето метакогнитивни компетенции. Тие се согледуваат во разбирање, следење и контрола на сопствените когнитивни процеси.

Оваа глава започнува со текстот за научната расправа за стратегиските цели и процесот на имплементација на ИКТ во основното образование. Целите и динамиката на остварувањето утврдени со националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2010-2015) и Стратегијата за развој на е-содржини (2010-2015) покажува дека успешно се реализирани сите предвидени проектни активности и стратегиските цели за имплементација на ИКТ во основното образование.

Но, сепак, покрај успешната имплементација на проектните активности за имплементирање на ИКТ, авторите на текстовите во ова глава укажуваат на потребата од изработување поголем обем од е-содржини и ресурси, интервенција во иницијалното образование на наставниот кадар, во смисла на вградување содржини што ќе им овозможат на идните наставници успешно да ја имплементираат

ИКТ во воспитно-образовната работа, сумарни согледувања од досегашните постигнати резултати од веќе реализираните проектни активности во функција на имплементација на ИКТ во образованието, како и развивање компетенции кај наставниците и кај педагозите во согласност со новонастанатите воспитно-образовни потреби.

***Трудовите на авторите во петтата глава** ја анализираат од теоретски, истражувачки и од практичен аспект состојбата на **наставниците меѓу воспитно-образовната теорија и практика**.

Авторите се сложуваат со фактот дека треба да се измени улогата на наставникот и неговите професионални задачи за да може да одговори на предизвиците на современото општество. Визијата за нов наставник е оној наставник што ја познава личноста на ученикот, што ја познава теоријата на мотивација и умее да ја примени во училница, наставник што применува интерактивни методи на учење, методи на современа педагошка комуникација и слично.

Сугестиите и препораките што ги даваат авторите се однесуваат на: развивање концепт на микрометодско моделирање на наставниот процес, развивање вештини и способности за изработка на компензирачки курикулум за работа со ученици со разлики во напредувањето (ученици од различен социјален и културен контекст), внесување повеќе содржини за развивање на интеракциско-комуникациски вештини во предметните програми на студиите за иницијално образование на наставници, развивање и усовршување на системот на постојно следење, вреднување и оценување на напредокот на студентите, почитување на синергичката концепција, поставување индикатори, вреднување на наставникот преку PAEI-моделот.

***Научноистражувачката работа во воспитанието и образованието** е наслов на **шестата глава на Зборникот**. Авторите во своите трудови даваат критички осврт на реалната состојба во областа на научноистражувачката работа во воспитанието и образованието, парадигмите и методолошките специфики при примената на одредени истражувачки техники и нивната погодност за истражување на педагошките појави.

Денес, генерално гледано, нашиот обем, квантитет и квалитет на истражување во воспитанието и образованието не задоволува. Главно, се констатира дека недостасуваат сериозни студии кои на солидно научно ниво би ги третирале мноштвото проблемски ситуации кои секојдневно излегуваат во преден план во сите подрачја на педагошката работа.

Предлозите што доминираат во трудовите на авторите во ова глава се следниве: потсистемски пристап во дефинирање приоритети во изборот на проблеми на истражување, ставање акцент на проучување проблеми што се важни за практиката, стимулирање на акциските истражувања, инсистирање и имплементација на резултатите од истражувањата кои утврдиле позитивни ефекти на воспитно-образовни практики, создавање електронска база на податоци за реализирани истражувања (за да се избегне нивно повторување) и градење концепт за понатамошни истражувања, потреба од поголема застапеност на методолошките предмети на 1, 2 и 3 циклус студии на наставничките и на ненаставничките факултети

за развивање педагошко-истражувачки компетенции и рефлексивност, почитување на етичките димензии во научноистражувачката работа, воспоставување критериуми за вреднување на педагошките истражувања.

* **Научната расправа и дискусиите на авторите за доживотното учење е составен дел на седмата глава од Зборникот.** Авторите истакнуваат дека современото општество е базирано врз пазарна економија и знаења, а таквата состојба ја иницира потребата од постојано едуцирање и доживотно учење. Токму поради тоа, во изминатата деценија се покажува исклучително големо интересирање за доживотното учење. Целта на доживотното учење е градење позитивен став кон учењето, воопшто, односно учење низ целиот живот. За остварување на таа цел, потребна е соработка меѓу сите образовни потсистеми и видови образование (формалното, неформалното и информалното), како и формирање основни клучни компетенции за доживотно учење од најмала возраст.

Развиените земји сè повеќе го следат трендот на интензивирање на неформалното и информалното образование. Тоа е поради фактот што сите развиени земји се водат од два концепта; концептот на доживотно учење, како и информалното учење кои се препорачуваат на сите членки на Унијата, но и на земјите во транзиција. Во текстовите на авторите, исто така, се разгледуваат политиките и насоките на образованието на возрасните, а одговорите на овие прашања се бараат во одлуките на (CONFINTEA VI), одржана во 2009 година, особено во Белем рамката за дејствување.

***Методичките аспекти на современата настава** претставува тема за дебата и предмет на истражување на авторите во **осмата глава од Зборникот**. Кога станува збор за методичките аспекти на современата настава во поново време, акцентот се става на воспитно-образовните модели.

Авторите истакнуваат дека учениците ќе имаат повеќе придобивки од наставници и училиште кои манифестираат едукативен плурализам во образованието со јасно дефиниран начин на учење и поучување.

Во контекст на овие современи барања, денес се градат современи концепти на јазично описменување кое сè повеќе се третира како холистички процес на одделни вештини што ја сочинуваат основата на јазикот. Во оваа глава се забележителни и критичките оцени на некои автори во однос на компатибилноста на наставните програми со учебниците по македонски јазик за прво и за второ одделение. Мошне инспиративни се барањата за предметите од областа на уметноста и естетиката, како современ дискурс кои училиштето ги става во централниот дел на училишниот курикулум. Училиштата на иднината со својот специјализиран фокус ќе бидат во состојба да развијат единствени вештини и способности кај оние што сакаат да се посветат на уметничка кариера. Дискутирајќи за методичките аспекти на современата настава, авторите се допираат и до прашањата за развој на компетенциите на наставниците, по ликовно образование за визуелна писменост, евалуација и стандарди на ова подрачје, понагласен истражувачки пристап во реализацијата на наставата по запознавање на околината, прашањето за професионалниот развој

на наставниците по музичко образование, осовременување на реализацијата на физичкото воспитание.

***Моралното воспитание меѓу традиционалното и современото е наслов за деветтата глава во Зборникот**. Овој наслов го окупира интересирањето на авторите, категоризирајќи го како исклучително важно воспитно подрачје. Задачите на моралното воспитание не се исцрпуваат и не можат да се реализираат единствено во рамките на еден наставен предмет, како што е случајот со етиката. Моралното воспитание претставува комплексно и исклучително значајно воспитно подрачје кое бара континуирано и систематско воспитно дејствување и затоа е поставено во педагошката практика како принцип.

Денес се забележителни промените во областа на моралот и моралното живеење. Бездната меѓу традиционалните и современите вредности, како и деградацијата на моралот и моралните критеруми ја наметнува потребата од интензивирање и воспитно дејствување на подрачјето на моралното воспитание.

Поради ваквата состојба, авторите се единствени во барањето за зајакнување на морално-воспитната компонента во курикулумите на училиштата, изнаоѓање модели за поинтензивна соработка на наставниците со родителите кои ќе бидат во функција на развивање позитивни морални вредности, потенцирање на родовата сензибилност во образованието во современи општествени услови итн.

***Во десеттата глава авторите дискутираат за темата инклузивно образование**, што претставува флексибилна и индивидуализирана поддршка на децата и на младите луѓе со посебни потреби во рамките на редовното училиште. Во оваа глава се присутни и текстови што ја третираат современата проблематика за надарените и талентираните ученици од аспект на специјалната педагогија. Денес се смета дека областа на образованието е онаа клучна област од општеството која треба да биде придвижувач и реализатор на идејата за инклузија преку заедничко образование на учениците со посебни образовни потреби со останатите ученици.

Главно, авторите ги елаборираат следниве прашања: индивидуален наставен план за ученици со посебни потреби, интегрирано образование во Република Македонија, интерперсонална комуникација со надарени талентирани деца, училишната акцелерација како модел на педагошко водење на надарените ученици во основното образование, образовните импликации од теоријата на повеќестрани интелигенции, надмоќноста на наставниците за работа со надарени деца, достапност на високото образование за студентите со посебни потреби, интегрирано воспитание и образование - претпоставки во современи училишта, проблеми на возрасните при вклучување во понатамошно образование, социјалната микросредина и учениците со посебни потреби.

Во заедничките препораки, авторите во однос на инклузивното образование го поставија следново: потреба од конституирање центри за стручно усовршување во кои ќе се нудат програми базирани врз моменталните потреби на наставниците, потреба од изработка на индивидуален образовен план за работа со учениците со посебни потреби, инклузивно високо образование, инклузивно општество.

***Единаесеттата глава има наслов „Управување и раководење во воспитанието и образованието“.** Насловите на авторите во оваа глава се фокусираат на менаџментот во воспитно-образовните институции и неговото значење за управувањето и раководењето со нив. Образованието е сфера која е значајна за целото општество. Затоа, многу е важно прашањето за демократското управување и раководење со училиштата. Вниманието на авторите е свртено и кон моделите на образовниот менаџмент во високото образование кои детално се презентирани според светските искуства, потоа се разгледуваат прашањата за менаџирањето и професионалниот развој на наставниците, образовната администрација и менаџментот од аспект на традиција - иновација, креирањето на училишната култура, комуникациските компетенции на менаџерот во образованието и менаџирањето со човечките ресурси во училиштата за средно образование.

Општа констатација е: ако сакаме да имаме модерни образовни институции што ќе подлежат на пазарна валоризација, тие треба да се управуваат според принципите на модерниот менаџмент. Без современо управување и раководење во услови на функционална пазарна економија, не можеме да имаме успешни воспитно-образовни институции.

Трудовите во Зборникот се приказна за коренот и крилјата. Крилјата на оваа приказна се раширени во современоста, коренот на оваа приказна е традицијата. Педагогијата е подрачје каде што тие два момента се среќаваат и заемно се оправдуваат.

Печатењето и издавањето на Зборникот на трудови под наслов **„Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото“** беа целосно финансиски поддржани од Филозофски факултет - Скопје, за што искрено се заблагодаруваме.

Проф. д-р Анета Баракоска,
раководителка на Институтот за педагогија
Филозофски факултет - Скопје